РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1978/1
22.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До: Сите радиодифузери**

**За: Управителите/директорите и одговорните уредници**

**Предмет: Потсетување на обврските за време на изборен молк**

Почитувани,

Денес завршува изборната кампања за првиот круг од Претседателските избори 2024 година, и од утре, 23 април, па сè до 19 часот на 24 април, ќе биде изборен молк за овој изборен процес.

Според Упатството за радиодифузерите за Претседателските и за Парламентарните избори 2024 (Пречистен текст) број 01-1959/1 од 18 април 2024 година, за време на изборниот молк за Претседателските избори, **на 23 и на 24 април (до 19 часот) 2024 година, продолжува изборната кампања за Парламентарните избори, но запира медиумското покривање во вестите и во посебните-информативни емисии на учесниците во изборните кампањи за двата изборни процеси.**

За активностите од изборната кампања за Парламентарните избори што ќе се случуваат на 23 и на 24 април 2024 година, радиодифузерите во согласност со својата уредувачка политика, може да информираат на 24 април по 19 часот, односно по затворање на гласачките места.

Во согласност со член 76-б став 3 од Изборниот законик, при известувањето во деновите на изборниот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите, какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите, податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето, како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта.

За време на изборниот молк за Претседателските избори, продолжува емитувањето на облиците на **„директен пристап до избирачите“ (бесплатното политичко претставување и платеното политичко рекламирање) на учесниците во изборната кампања за Парламентарните избори.**

Во деновите на изборниот молк е дозволено емитување на едукативната рекламна кампања на Државната изборна комисија (ДИК) за Изборите 2024.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**